Кофинансиран од Европската Унија
ЕВРОПСКА УНИЈА
COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE
Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа
Република Северна Македонија
Министерство за правда

# УПАТСТВО ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ВО ОДНОС НА ВРШЕЊЕТО ВЕШТАЧЕЊЕ ЗА КОРИСНИЦИ НА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ

## 1. Воведни забелешки

1.1 Со ова упатство се воспоставуваат начела, правила и постапки заради правилна примена на одредбите од Законот за бесплатна правна помош кои се однесуваат на ослободувањето на корисниците на секундарната правна помош од трошоците за вештачењето.

1.2 Цел на упатството е да ја олесни примената на Законот за бесплатна правна помош во однос на правото на корисниците на секундарна правна помош на ослободување од трошоците за вештачењето, како и да ги одреди и дефинира правата и обврските на сите учесници во постапката. Пристапот до вешт наод и мислење е во значителен број предмети суштествен за успех во правната работа и остварување на правото. Поради тоа неопходно е разработка на законските одредби во јасни, разбирливи и предвидливи правила.

1.3 Упатството го разработува правото на вештачење како елемент на правото на секундарната правна помош, изборот на субјекти кои вршат вештачење во конкретен предмет, нивните права, обврски и одговорности како и постапката за исплата на награда и надоместок за извршените услуги.

1.4 Упатството е наменето за вештаците, Министерството за правда, адвокатите и корисниците на секундарната правна помош.

**1.5** Упатството нема правна сила на подзаконски акт и не е правно задолжително меѓутоа преку разработување на законските одредби и промовирање на добри практики ќе влијае позитивно на примената на одредите кои го уредуваат вештачењето во предметите во кои е одобрена секундарна правна помош.

**1.6** Упатството се заснова на одредбите од Законот за бесплатна правна помош (ЗБПП), Законот за вештачење (ЗВ), Законот за парничната постапка (ЗПП) како и други релевантни закони и други прописи.

## 2. Секундарна правна помош – Поим и опфат

2.1 Секундарна правна помош се одобрува на лице кое има потреба од стручна правна помош од адвокат за **конкретна правна работа** и кое не е во можност да ги плати трошоците на постапката заради неговата финансиска состојба и чие барање е оправдано.

2.2 Секундарна правна помош се одобрува од страна на овластени лица во Министерството за правда, по проверка на исполнетоста на условите, за **застапување во сите степени во граѓански судски постапки, управни постапки и управни спорови**.

2.3 **Видот и обемот на правната работа за која е одобрена секундарна правна помош е одреден и ограничен со потврдата со која е одобрена.** Преземање на дејствија за друга правна работа, за која не е одобрена секундарна правна помош има за последица не плаќање на награда и трошоци.

2.4 Со **потврдата се овластува адвокат да го застапува лицето корисник на секундарна правна помош**.

## 3. Ослободување од трошоците на вештачење

3.1 Лицата на кои со потврда или решение им е одобрена секундарната правна помош се **ослободени од трошоците за вештачење**.

3.2 Ослободувањето од трошоците на **вештачење е изречно наведено во диспозитивот на потврдата односно решението**.

## 4. Барање за вештањето

4.1 Барање за вештачење до одреден вештак **може да поднесе во име на корисникот на секуднараната правна помош единствено адвокатот кој со потврда е определен да ја обезбедува секундарната правна помош**. Во прилог на барањето **задолжително се доставува потврдата** со која се ослободува лицето од секундарна правна помош.

4.2 Ако барањето се врши по наредба на суд *(чл. 235 ст. 2, ЗПП)* вештакот треба во комуникација со странката или нејзиниот полномошник **да утврди дали се работи за лице кое е корисник на секундарна правна помош**.

4.3 Вештачењето **не може да биде побарано ниту да започне пред датумот на одобрување на секундарната правна помош** наведен во потврдата.

4.4 Изборот односно определувањето на субјектот кој ќе го врши вештачењето се **врши согласно со законите со кои се уредуваат постапките (ЗПП, ЗОУП)** во кои ќе биде користено како доказно средство.

4.5 Вештачењето за потребите на корисниците на секундарната правна помош го вршат физички лица вештаци, правно лице регистрирано во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва и високообразовна установа, научна установа, стручна установа и орган на државна управа врз основа на овластувања утврдени со закон *(чл. 34-а ст. 1, чл. 13 ст. 6 од ЗБПП и чл. 5 ст. 1 од ЗВ)*.

4.6 **Вештакот мора да поседува важечка лиценца од соодветна област,** која што е **неопходна и непосредно поврзана со правната работа** за која е одобрена секундарната правна помош.

4.7 Вештакот може да одбие да врши вештачење во случаите утврдени со Закон и со актите на Комората на Вештаци.

**5. Вршење на вештачењето**

5.1 Субјектите при вршењето на вештачењето **соработуваат со корисникот и назначениот адвокат како и со Министерството за правда.** Соработката вклучува комуникација во однос на вршењето на вештачењто како и прибирање на релевантни докази и документи.

6.2 Субјектите го вештачењето да го вршат **единствено за правната работа конкретно наведена во потврдата или решението** со кое е одобрена секундарна правната помош.

6.3 При вршењето на вештачењето се применуваат законите со кои се уредуваат вршењето на вештачењето и постапките во кои се користи како доказно средство, како и актите на Комората за вештаци.

**6. Постапка за надомест на трошоците**

6.1 Трошоците за обезбедувањето на секундарна правна помош се обезбедуваат од средствата на Буџетот на Министерството за правда.

6.2 За извршеното вештачење или супервештачење за потребите на корисниците на секундарната правна помош, имаат право на награда и право на надоместок за реално направените трошоци.

6.3 Висината на наградата и надоместокот за реално направените трошоци во предмети за секундарна правна помош се намалуваат за 40% од пропишаната тарифа *(чл. 29 ст. 5, ЗВ)*. Наградата и надоместокот за реално направените трошоци се пресметуваат согласно со Тарифникот кој се однесува на наградите и надоместокот за вештаците донесен од страна на Комората за вештаци *(чл. 34-2 ст. 2, ЗБПП, чл. 29 ст. 4, ЗВ)*.

6.4 Наградата и надоместокот се пресметуваат врз основа на трошковник, кој субјектите го доставуваат до Министерството за правда по завршувањето на вештачењето**.** Трошковникот се доставува на пропишан образец (чл. 34-2 ст. 2, ЗБПП). Кон трошковникот како прилог се доставува:

- Копија од лиценца на вештакот кој го извршил вештачењето;
- Копија од потврдата со која е одобрена секундарна правна помош;
- Копија од барањето за вештачење односно наредбата од судот;
- Копија од наодот и мислењето;
- Други пропратни документи (само во случај доколку се потребни за поткрепа на тарифираната награда и/или трошоци);

6.5 Министерството во рок од 30 дена од денот на приемот на трошковникот врши проверка на трошковникот и донесува решение со кое се одобрува или не се одобрува исплата на наградата и надоместокот.

6.6 Доколку Министерството оцени дека се потребни дополнителни податоци во рок од седум дена од денот на прием на трошковникот ќе побара дополнителни податоци од субјектот кој го вршел вештачењето. Барањето за дополнителни податоци од страна на Министерството на овој член го прекинува рокот од 30 дена за одобрување на трошковникот.

6.7 Ако субјектот кој го вршел вештачењето во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето за дополнителни податоци не ги достави истите рокот за Министерството продолжува да тече и во тој рок Министерството ќе донесе решение со кое се одобрува или не се одобрува исплатата на наградата на субјектот кој го вршел вештачењето согласно со доставениот трошковник.

6.8 Решението се доставува до субјектот кој го вршел вештачењето. Министерството со решение ќе одбие да му го исплати на субјектот кој го вршел вештачењето целосно или делумно надоместокот за дадената секундарна правна помош во конкретниот случај ако при увид или проверка на трошковникот се утврди дека

субјектот кој го вршел вештачењето не ги исполнил своите обврски и одговорности согласно со закон.

6.9 Против решението на Министерството за правда, незадоволниот вештак има право на управен спор.

*Овој документ е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Неговата содржина е единствена одговорност на авторите. Изразените ставови во никој случај не може да се сметаат дека го одразуваат официјалното мислење на Европската унија или на Советот на Европа.*

Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа

ИНФОРМИРАЈ СЕ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ